**20242344108**

## АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

Врз основа на член 158-ѕ точка 7 и член 158-љ ставови (2) и (4) од Законот за супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2002, 79/2007, 88/2008, 67/2010, 44/2011, 188/2013, 112/2014, 153/2015, 192/2015, 23/2016, 83/2018, 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019, 31/2020 и 173/2022), Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување на седница одржана на ден 11.11.2024 година донесе

## ТАРИФНИК ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ТАРИФНИКОТ ЗА СОДРЖИНАТА И ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОЦИТЕ И ДАВАЧКИТЕ ШТО ГИ НАПЛАТУВА АГЕНЦИЈАТА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ И РОКОВИТЕ ЗА УПЛАТА

Член 1

Во Тарифникот за содржината и висината на надоместоците и давачките што ги наплатува Агенцијата за супервизија на осигурувањето и роковите за уплата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 147/2009, 149/2009, 154/2009, 20/2012, 130/2013, 1/2015, 22/2016, 16/2017 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 23/2020, 78/2020, 41/2021, 263/2022 и 122/2023), во член 4 по ставот (6) се додава нов став (7) кој гласи:

„(7) Во случај на статусни измени - присоединување/спојување/поделба на друштва за осигурување, осигурително брокерски друштва, друштва за застапување во осигурување и банки, во основот за утврдување на висината на годишниот надоместок за спроведување супервизија согласно став (2) од овој член на друштвото кое што презема/друштвото корисник/друштвото што се основало се пресметува и износот на вкупната бруто полисирана премија односно вкупниот приход од провизија за извршени осигурителни брокерски работи односно извршени работи на застапување во осигурување искажан во последните ревидирани финансиски извештаи на друштвото кое што се присоединило/друштвата кои што се споиле/друштвото што се дели, до денот на упис на статусната измена во централниот регистар.“

Ставовите (7) и (8) стануваат ставови (8) и (9).

Член 2

Овој тарифник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 01-745/1
11 ноември 2024 година
Скопје

Совет на експерти
Претседател,
**Крсте Шајноски,** с.р.